**20150481888**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 113-а став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ОД МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за донесување на решение од страна на министерот за труд и социјална политика заради недонесување на решение по поднесено барање: за издавање решение за вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца и тоа чување и нега на деца од предучилишна возраст до шест години живот, односно до поаѓање во основно училиште на повик; за издавање решение за вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност за организирање и остварување на згрижување или престој, нега и исхрана на деца од предучилишна возраст до шест години живот, односно до поаѓање во основно училиште и деца на возраст до десет години живот; за издавање решение за вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност и за организирање и остварување на згрижување или престој, нега и исхрана за деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост и за вршење на дејноста на детска градинка/центар за ран детски развој и детско одморалиште, во рокот утврден во член 113-а став (1) од Законот за заштита на децата.

Член 2

(1) Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на Образец: „Барање за донесување на решение од министерот за труд и социјална политика“, кој се печати во А-4 формат на бела хартија.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи:

- податоци за примателот на барањето - писарница на Министерството за труд и социјална политика;
- наслов на барањето;
- податоци за подносителот на барањето;
- целосен назив на подносителот на барањето;
- податоци за овластеното лице (име и презиме, функција/звање);
- адреса;
- податоци за контакт;
- краток опис поради што се поднесува барањето;
- место и датум на поднесување на барањето; и
- место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за донесување на решение од министерот за труд и социјална политика („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-2994/1
23 март 2015 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов**, с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО**
**ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Б А Р А Њ Е**
**за донесување решение од министерот за труд и социјална политика**

**Податоци за подносителот на барањето:**
______________________________________________________________________

**Целосен назив на подносителот на барањето:**
______________________________________________________________________

**Податоци за овластеното лице**
______________________________________________________________________
(име и презиме, функција/звање)

**Адреса** ______________________________________________________________

**Податоци за контакт** ____________________________________________________

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Со оглед дека во рокот утврден во член 113-а став (1) од Законот за заштита на децата не е донесено решение по поднесено барање број ________ од ______________ година, поднесувам барање до министерот за труд и социјална политика да донесе решение за ______________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број ___________ од _____________ година.

**Место и датум**
____________________________

**Подносител на барањето**
____________________________